# *ИЗВЕШТАЈ*

# *ЗА*

# МЛАДИНСКА ВКЛУЧЕНОСТ ВО КРЕИРАЊЕТО НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ




Овој проект е финансиран од Европската Унија

**Рурална Коалиција**

**Проект:** Со медиумска писменост до подобрени локални младински политики

Автори: Лилјана Јоноски и Радмила Кипроска

Истражувачи:

Сања Јовановска

Драган Денковски

Куманово, 2020 година

Овој проект е финансиран од Европската Унија

За проектот...

Рурална Коалиција во перидот декември 2019 – октомври 2020 година го спроведува проектот "Со медиумска писменост до подобрени локални младински политики" финансиран како под-грант во рамките на Проектот за младинско изразување, поддржан од ЕУ, а се проведува од Младински образовен форум – МОФ во соработка со Младински сојуз Крушево и Центарот за балканска соработка – ЉОЈА.

Проектот е насочено кон зајакнување на капацитетите и практичните знаења на младите кои што живеат во руралните средини во општина Куманово и општина Старо Нагоричане во делот на нивното учество и влијание во процесот на креирање на локални младински политики. Исто така, самиот проект е насочен кон користење на медиумските алатки во процесите на лобирање и застапување на младинските потреби на локално ниво, со што пак на таков начин директно се придонесува и кон процесите на креирање на механизми за соработка со институциите на локално ниво. На таков начин се застапуваат младинските потреби и предизвици со кои што младите се соочуваат во руралните средини, а се клучни да се решаваат во блиска соработка со институциите и општините на локално ниво. Медиумите се тие кои што преку пренесување на состојбите и животните приказни на младите треба да го свртат вниманието на локалните власти кон предизвиците со кои што се соочуваат младите и под медиумски притисок да ја поттикнат соработката на сите засегнати чинители на локално ниво да придонесат кон решавање на предизвиците со кои што се соочуваат самите млади.

Рурална Коалиција е активна во секторот земјоделство и рурален развој од 2013 година, а социјалната и економска инклузија на младите од руралните средини е дел и од стратешкиот план на Коалицијата, при што речиси во секоја активност организацијата настојува да ги вклучи младите, а се со цел да придонесе кон нивната инклузија и да го унапреди нивното учество во процесите на креирање и имплементација на одлуки најпрво во самата организација, па потоа во локалната заедница, како и во процесите кои што се одвиваат на национално ниво, а се од интерес за младите.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

## 1. Вовед

Кога говориме за младинските политики постојат повеќе дефиниции што даваат објаснување на концептот на младинската политика. Во основата, младинската политика е меѓусекторска политика и ги опфаќа сите одлуки и мерки што влијаат на условите за младите луѓе во голем број на различни области, како што се вработувањето, образованието, здравството, домувањето, слободното време, културата и влијанието. Многу е важно да се наспомене дека младинската политика е стратегија што ја спроведуваат јавните власти со цел да им се даде на младите луѓе можности и искуства со кои ќе се поддржи нивната успешна интеграција во општеството и ќе им овозможуваат да станат активни и одговорни членови на нивните општества, како и носители на промените.

Една од основните и најважни компоненти на демократијата е учеството. Може да има најразлични начини на кои се обезбедува учество во заедницата. На пример, учество како вклученост во некоја групна активност, потоа учество како интерактивност во методите на учење, учество на дебати и дискусии, учество во споделување одговорности, донесување одлуки. Граѓанскиот концепт во рамките на демократијата, пред сè, подразбира постоење на точно утврдени права и привилегии на граѓаните, но и нивни обврски кон државата. Граѓаните не се изолиран дел во ваквиот систем, туку негов значаен дел што се отсликува преку активно учество на поединците во системот на правата и обврските во граѓанското општество. Разбирањето и компетентноста за демократското учество можат да се стекнат единствено и постепено преку практиката. Терминот младинско учество се употребува за да се означи учество на младите луѓе во различни активности, проекти, во процес на подготовка на младински политики, во донесување одлуки што се битни за нив. Според тоа, преку промоција, изучување и примена на концептот на младинско учество всушност младите луѓе се ставаат во фокусот на општествените процеси. Токму затоа потребно е младиот човек да поседува одредени знаења за младинското учество како поим и за неговата важност, за да може правилно да ја разбере својата улога и да придонесе преку своето учество. За да може да се практикува учеството како метод потребно е и возрасните и младите да се подготвени да го спроведуваат. Младите треба да добијат право, средства, простор, можности и поддршка да учествуваат во донесувањето одлуки и креирањето политики. Не е доволно само да се каже дали младите учествуваат или не. Постојат различни степени до кои младите можат да се вклучат или да преземат одговорност, во зависност од локалната ситуација, ресурсите, потребите и степенот на искуство.

ЕУ со ТЕБЕ
Овој проект е финансиран од Европската Унија

УНИЦЕФ смета дека учеството претставува човеково право и затоа Конвенцијата за правата на детето го истакнува правото на децата да учествуваат. Според член 12, сите деца треба да бидат слободни да ги искажат своите ставови и да се чуе нивното мислење, а член 13 тврди дека децата имаат право на слобода на изразување, слобода да бараат и да даваат информации **преку медиумите.**

## 2. Вклучување на младите во процесот на донесување на одлуки во општина Куманово и општина Старо Нагоричане

Младинското учество во донесување на одлуки претставува консултативен процес кога младите активно учествуваат во општествените процеси кои се од нивни интерес. Ако сакаме да изградиме демократски, инклузивни и просперитетни општества, мора да ги вклучиме младите во процесот на донесување одлуки. Основен почетен и клучен елемент на процесот на донесување на одлуки и демократијата е правото на глас и да бидеме гласани како уставно загарантирано право. Специфично, младинското учество во процесите на донесување на одлуки законски е регулирано дури на почетокот на оваа 2020 година со донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики, при што понатаму многу е важно да се следи неговата имплементација во пракса затоа што важно е младите да имаат алатки, простор, можност и каде што е потребно, поддршка за учество и влијание врз одлуките, да се вклучат во активности со цел да придонесат кон развојот на заедницата.

Локалните и националните власти со поддршка на граѓанскиот сектор треба да промовираат можности и обезбедуваат поддршка за младите луѓе. Институциите треба да ги создадат овие можности со цел младите луѓе активно да учествуваат во донесувањето на одлуки кои се од нивни интерес преку формираните совети на млади, кои се првично воспоставени, но без јасни насоки од страна на локалните власти за функцијата и полето на делување. Младите како динамична социјална група, имаат потреба од зголемена поддршка од страна на институциите и право на консултација во однос на прашања кои се од нивни интерес. Младите луѓе, посебно малолетните млади, немаат простор да учестуваат во донесувањето на одлуки, а веќе имаат свои ставови кон појавите и процесите во локалната заедница кои нив ги засегаат.

Една од основните алатки која што го овозможува учеството на младите во процесите на донесување на одлуки се локалните Совети на млади.

До мај 2017 година се формирани 64 Локални Совети на младите во 64 различни општини, кои функционираат со различен пристап и област, поради

недостаток на поддршка од институциите, нискиот капацитет и информираност на членовите и институциите.[1]

Општина Куманово има подолго искуство кога станува збор за вклучување на младите во процесите на донесување на одлуки барем што се однесува до делот на изработка на потребните документи кои штон го овозможуваат правото на вклучување на младите во донесувањето на одлуки на локално ниво. Имено, општина Куманово има донесено стратегија за млади за периодот 2014-2019 година, а и претходно за периодот 2008-2013 година исто така општината имала стратешки план како да работи со младите.

Согласно заклучоците и препораките од истражувањето спроведено врз младите 15-29 години во општина Куманово при процесот на креирање на стратегијата за периодот 2014-2019 година, истите сметаат дека квалитетот на живот во општината не е на задоволително ниво кога станува збор за задоволувањето на младинските потреби. Имено, . Инертни и немотивирани за акција, се соочуваат со недостиг на животна перспектива и слаба мобилност, голем број од нив не планираат да останат во државава по завршување на образованието. Најголем проблем им претставуваат слабите можности за вработување и слабата информираност. Одговорноста за решавање на проблемите во висок процент ја гледаат кај себе, но поголема одговорност им препишуваат на родителите, а за одговорни ги сметаат и државата и локалните власти. Сметат дека во градот недоволно се препознаваат и решаваат нивните проблеми. Им недостасуваат места за дружење и забава, како и културни и спортски содржини. Иако градот го перцепираат како место каде секој може слободно да си ја практикува својата религија, сметаат дека немаат добар модел од возрасните за градење на добра меѓуетничка комуникација. Младите сметаат дека имаат влијание врз решавањето на проблемите, но бесперспективноста која ги прави неактивни и инертни, во услови на моменталната општествено- економска ситуација, доведува до намалување на тоа влијание. Согласни се за потребата од локална стратегија за млади, но и отворање сектор за млади и младински политики во рамки на Општина Куманово.

Локалниот младински совет на Куманово, чии членки се здружија во 2012 година со цел остварување на поширок општествен интерес на младите, нивна застапеност, учество и вклучување во креирањето на младински политики на општинско ниво се покажа како важен чекор во остварување на вклученост на оваа популација на локално ниво. Преку градење структурен дијалог заедно со општинските власти членовите на Локалниот младински совет биле иницијатори, но и креатори на стратегијата за малди за периодот 2014-2019 година. Но она што тука се поставува како вистинско прашање во вистински момент е колку таа стратегија за млади е остварена затоа што истата е веќе истечена. Дел од одговорот може да се најде подолу во резултатите од спроведеното истражување.

[1] Документ со препораки – Коалиција СЕГА, 2017 година, https://www.sega.org.mk/images/E-Library/PositionPapers/podobruvanjenasostojbatanamladi.pdf

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Што се однесува пак до општина Старо Нагоричане, во Општина Старо Нагоричане има 574 млади луѓе на возраст од 15 до 30 години и нив им требаат активности кои ќе ги анимираат да останат во селото.[2] Реализирани се поголем број на активности кои што се насочени кон задржувањето на младите во општината, основни се повеќе центри за млади каде што младите ќе може да се едуцираат, да се собираат и заеднички да придонесуваат кон развојот на локалната заедница, но ниту еден не е целосно функционален ниту пак се користи за намените за кои што е отворен. Ваквите центри биле отворани во рамките на различни проекти, но истите се функционални додека трае проектот, а потоа како згаснува проектот, така згаснува и нивната улога и делување, па еден од предизвиците со кои што се соочуваме во сите сектори, па и во делот млади е одржливоста на проектите и резултатите постигнати во рамките на истите.

Што се однесува, пак до стратешкиот елемент, општина Старо Нагоричане нема стратегија за млади[3], а нема ни Совет на млади во рамките на општината како една од основните алатки на општината за вклучување на младите во процесот на донесување на одлуки. Всушност и најголемиот број на млади како што завршуваат така својата егзистенција и работа ги бараат надвор од општината, најчесто во Куманово како соседна општина и во Скопје.

Ваквите генерални согледувања на состојбата со младите во двете општини не водат кон резултатите од истражувањето спроведено со над 100 млади и од двете општини.

---

[2] Регионален стратешки документ за општествено вклучување на младите невработени од Североисточниот плански регион преку пазарот на труд, Проект: Создавање на можности за вработување на млади од рурални средини, Скопје, 2017, https://mpra.ub.uni-muenchen.de/83488/1/MPRA_paper_83488.pdf
[3] Општина Старо Нагоричане, остварена посета на општината, февруари 2020

ЕУ со ТЕБЕ

Овој проект е финансиран од Европската Унија

## 3. Резултати од истражувањето за вклученоста на младите во процесите на креирање на локални младински политики

Истражувањето беше спроведено во периодот декември 2019 – јануари 2020 година во општините Куманово и Старо Нагоричане, а истото опфаќаше млади од 18 – 35 години кои што живеат во руралните средини на овие две општини.

Во истражувањето беа вклучени вкупно 100 испитаници, односно по 50 од секоја општина, а исто така дополнителни 9 одговори се добија како резултат на достапноста на прашалникот во електронска форма. Истражувањето имаше за цел да се идентификуваат конкретните потреби на младите и нивната моментална состојба и инклузија во локалните процеси на донесување на одлуки. Исто така во прашалникот имаше и дел за нивната потреба од обуки во делот за комуникација и користење на медиумите како алатка за да биде слушнат нивниот глас и пошироката јавност и локалната заедница да бидат запознаени со нивните потреби и предизвици со кои што се соочуваат.

Прашалникот се состоеше од прашања од затворен и полуотворен тип, односно испитаниците имаа можност да избираат од дадени одговори, да надополнуваат и да одговараат на прашањата. Прашалникот беше структуриран во три дела и тоа: првиот дел кој што се однесува на познавањето на младите на процесите на креирање и донесување одлуки, вториот дел ги опфаќа Локалните младински совети и стратегии за млади како едни од алатките за вклучување на младите во процесите на донесување на одлуки на локално ниво, а третиот дел пак се однесуваше на нивната активност како млади, соработката со медиумите и нивните дополнителни потреби од знаења и практични алатки во делот на презентирање на предизвиците и медиумското изразување пред локалната заедница и пошироката јавност во општината.

Како ограничувачки фактори во текот на истражувањето се појави незаинтересираноста на младите да се вклучат во истражувањето сметајќи дека ова е уште едно од низата на истражувања кои што се направени за нивните потреби, а кои што на крај остануваат без епилог за што доволно говори и моменталната состојба со младите во целата држава, а таа состојба е далеку позапрепастувачка кога станува збор за руралните средини или руралните општини каде што младите ги има во се помал и помал број.

На првиот графикон може да се види колку од младите од која општина доаѓаат и учествуваат во одговорите дадени во прашалникот, односно од вкупно 109 млади испитаници 53,2% доаѓаат од општина Куманово, додека пак 46,8% доаѓаат од општина Старо Нагоричане.

**Графикон бр. 1**

Општина од која доаѓате:




Бидејќи проектот е насочен кон подобрување на вклученоста на младите во донесувањето на одлуки на локално ниво, првото прашање се однесуваше на тоа колку добро младите ги познаваат локалните процеси на одлучување, па согласно дадените одговори на испитаниците, најголем дел од младите имаат перцепција дека имаат средно познавање на процесите на креирање и донесување на одлуки во општините Куманово и Старо Нагоричане, односно на скала од 1 до 5, најчестиот одговор кој што го дале младите е 3.

**Графикон 2 – Степен на познавање на процесот на донесување на одлуки од страна на младите на локално ниво**

Го познавам процесот на донесување на одлуки на локално ниво




Сличен е одговорот и на следната изјава поставена во истражувањето, односно дека младите се вклучени и консултирани во процесите на донесување на одлуки кои што се од интерес за младите. Тука треба да се нагласи дека ваквата тројка во

Овој проект е финансиран од Европската Унија

одговорите претежно ја формираат учесниците кои што доаѓаат од општина Куманово каде што процесот на вклучување и работа со младите е далеку поразвиен од оној во Старо Нагоричане со над 70% учество во одговорот даден за оценка 3

**Графикон 3 – Перцепција на младите за нивна вклученост од страна на општината во процесот на донесување на одлуки**




.

Самата споредба на ваквите резултати, како и видот на одговорите на младите дадени во двете општини упатуваат на потребата од изготвување на посебна сеопфатна анализа за вклученоста на младите во сите процеси од урбаните наспроти оние од руралните средини, а исто така во рамките на таа анализа треба да се опфати улогата на рамномерниот регионален развој и придонесот на општините и воопшто на државата кон истиот опфаќајќи ги тука сите сегменти од општественото живеење.

Она што пак е особено за поздравување и доста значаен позитивен резултат е дека и двете општини имаат препознатливи млади активисти и волонтери кои што понатаму може да се искористат преку принципот на успешни приказни или пак како младински лидери во локалната заедница да ги унапредат познавањата, информираноста, но и активирањето на младите самите да придонесат кон подобрување на статусот кој што го имаат во општината и заедницата. Резултатите од одговорот на ова прашање каде што на скала од 1 до 5 можеше да се оценува препознатливоста на младите активисти и волонтери се прикажани на следниот графикон:

**Графикон бр. 4 – Препознатливост на младите активисти и волонтери во локалната заедница**




На следното пак прашање одговорот е 50-50, односно дали општината има формирано локален совет на млади, испитаниците од општина Куманово одговараат потврдно, додека пак тие од Старо Нагоричане истакнуваат дека општината нема формирано локален Совет на млади, но од друга страна, пак одговорот на наредното прашање е поразителен односно дека иако општина Куманово има формирано локален Совет на млади на скала од 1 до 5, над 63% проценти од младите вклучени во истражувањето неговата работа и препознатливост во локалната заедница ги оценуваат со единица, односно ниту членовите на Советот, ниту пак нивната работа се препознаени од страна на младите во општината, а таква е и достапноста на претседателот на Советот и неговите членови, иако тука мора да се спомене и фактот што над 80% од младите во општината не знаат, односно немаат информација кој е претседател на Советот ниту пак кои се неговите членови.

Во поглед пак на достапноста на претставниците на општината и нивната отвореност кон граѓаните и кон нив младите и во двете општини, истата е доста високо оценета односно со 3 (23%) или 4 (28,4%), а особено е интересен фактот што поголемиот дел од одговорите со повисока оценка доаѓаат од општина Старо Нагоричане (над 60%) при тоа напоменувајќи дека градоначалничката на општината и нејзиниот тим се доста отворени кон граѓаните на општината и настојуваат во најголемиот број на случаеви да ги вклучат и граѓаните при процесот на донесување на стратешките одлуки за општината.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

**Графикон бр.5 - Достапност и отвореност на претставниците на општина Куманово и општина Старо Нагоричане според перцепцијата на младите**




Дополнително младите од оваа општина истакнуваат дека тоа што можеби општината не превзела некои позначајни чекори во вклучувањето на младите во донесувањето на одлуки во општината е поради тоа што младите се целосно пасивни, а и ги има се помалку и помалку во самата општина. Тие пак што се тука не знааат како да ги пренесат своите потреби до општината и сите случувања се верижно поврзани еден со друг, па затоа и состојбата со младите токму во оваа општина е таква каква што е.

На прашањето *Дали ги познаваат методите и алатките за учество во процесот на донесување на одлуки на локално ниво како превземање на иницијативи, учество на јавни дебати и форуми, референдум итн.*, најголемиот дел на млади односно над 65% ставиле средна оценка односно 3 на познавањето на методите и алатките, што пак на некој начин се коси со одговорите на следното прашање, а тоа е Дали некогаш присуствувале на седница на Совет на општината, каде што пак бројките се поразителни, односно само ниски 12% одговориле потврдно, додека пак сите останати одговориле со НЕ (графикон бр. 6)

ЕУ со ТЕБЕ
Овој проект е финансиран од Европската Унија

**Графикон бр. 6 – Учество на младите на седници на Совет на општините Куманово и Старо Нагоричане**




Младите и од двете општини се целосно согласни и околу одговорот на следното прашање, односно дали во општината има функционални месни заедници на што над 80% одговориле со НЕ, што исто така е доста загрижувачки факт со оглед на тоа месните заедници се првите и основните клетки на функционирањето на секоја една локална заедница каде што секој граѓанин може да ги достави своите потреби, проблеми со кои што се соочува, но и да предложи решенија кои што понатаму ќе допрат и до надлежните во општината.

Ваквата состојба со месните заедници потврдена е и во бројни други истражувања и документи, особено по измените на Законот за локална самоуправа кога им е одземен статусот на правен субјект, што пак на граѓанските организации и воопшто на жителите во општините им дава насока дека е потребно да се превземат иницијативи за враќање на нивната функционалност во заедницата и општественото живеење.

Одговорите се поразувачки и на следното прашање, односно, дали учествувате во работата на месните заедници, каде што најголем дел од одговорите се негативни, односно кај дури 83% од испитаниците. Дополнително во рамките на истражувањето беше истакнато и дека функционалноста и опстојувањето на една месна заедница многу зависи и од претседателот на истата, односно оние неколку заедници кои што успеале да ги преживеат сите промени имале предводници кои што речиси и по секоја цена настојувале да ја задржат нивната функционалност и делување во заедницата, па макар и само на волонтерска основа.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

**Графикон бр. 7 – Учество на младите во работата на месните заедници**




Поделеноста на младите преовладува и во одговорите на прашањето дали во рамките на општината има активни и препознатливи граѓански организации кои што ги застапуваат правата и потребите на младите на локално ниво. Младите од општина Куманово, односно околу 60% од испитаниците истакнуваат дека имаат такви граѓански организации, додека пак оние од Старо Нагоричане (40%) одговараат негативно на ова прашање, што пак упатува на заклучокот дека младите во општина Старо Нагоричане немаат/или не знаат доволно за организации во кои што може да се вклучат, па оттука во иднина треба да се обрне повеќе внимание на промовирање на вакви можности за младите и креирање на активности за оваа цел.

**Графикон бр. 8 – Дали во општината има активни младински граѓански организации?**




Препознатливи граѓански иницијативи поврзани со младите и нивно вклучување во процесите на донесување на одлуки на локално ниво речиси и да нема, а високи 68% не биле никогаш дел од било каква граѓанска иницијатива или акција со што и понатаму се потврдуваат заклучоците дадени и во процесот на креирање на стратегијата за млади на општина Куманово каде што еден од основните заклучоци зошто е потребна стратегија, па дури и посебен сектор на млади во рамките на општината е поради преголемата пасивност и незаинтересираност за процесите кои што се одвиваат на локално ниво од страна на младите. Резултатите се претставени и на следниот графикон:

**Графикон бр. 9 – Учество на младите во граѓански акции или иницијативи**




Како што беше наведено и во воведниот дел, општина Куманово има стратегија за млади, но не и општина Старо Нагоричане. Но, дури и да постои стратегијата

Овој проект е финансиран од Европската Унија

како документ, сепак поразителен е фактот дека само 22% се запознаени со нејзината содржина, а исто толку и ја следат нејзината имплементација, што пак само упатува на фактот дека во никој случај не е доволно еден документ само да се донесе и да го има на хартија туку многу поважна е неговата имплементација и бенефитите за крајните корисници, во нашиот случај, младите во локалната заедница.

Бидејќи медиумите се една од алатката преку кои што потребите на младите, но и нивните активности може да допрат до пошироката публика, а во исто време да се изврши и притисок до локалните власти, следното прашање поставено во рамките на истражувањето беше дали имате соработка со локални медиуми и новинари, при што одговорите се поразителни, односно дури 83% од испитаниците одговориле со НЕ, а како причини се наведени:

- Ги нема во општината (ова пред се се однесува на општина Старо Нагоричане) (39%);
- Сум немал/ла можност да ги контактирам (35%);
- Не ги познавам (14 %);
- Не сум заинтересиран/а (7%);
- Немало потреба за тоа (3%);
- Како обични граѓани многу тешко може да допреме до локалните медиуми (2%)

**Графикон бр. 10 – Зошто младите од општина Куманово и општина Старо Нагоричане немаат соработка со медиумите?**




Понатаму, на прашањето колку од младите од двете општини вклучени во истражувањето учествувале во било каква граѓанска акција со медиумите и новинарите, од вкупно 109 испитаници само тројца истакнале дека учествувале во граѓанска акција во соработка со медиумите и тоа за изградба на игралиште за деца, ослободување на тортоарите во општина Куманово од паркираните возила и собирање на помош за дете болно од тешка болест за да се овозможи неговото лекување и сите овие акции биле успешни при што речиси сите испитаници се согласни дека медиумскиот притисок и постојаното потсетување на локалните власти за потребите на граѓаните може да даде резултати и со заедничко вклучување на сите засегнати страни да се подобри квалитетот на живот во локалната заедница за сите граѓани, па и за младите.

Последното пак прашање во рамките на истражувањето беше насочено кон утврдување на потребите од обуки и дополнителни информирање и тоа во однос на следниве теми:

- Организирање на прес конференции и други видови на комуникација со целната публика и локалните власти;

Овој проект е финансиран од Европската Унија

- Методи и алатки за привлекување на вниманието како на пошироката публика, така и на локалните власти;
- Развој на критичко размислување, оцена и препознавање на лажни вести;
- Создавање на медиумски содржини и споделување на истите преку други медиуми
- Подигнување на медиумската писменост и информираност.

Поодделно за секоја од темите младите испитаници го изразиле својот интерес за зголемување на знаењата и градење на капацитетите на следниов начин: 47% од испитаниците имаат потреба за јакнење на своите капацитети во делот на развојот на критичкото мислење, 43% во делот на организирање на прес конференции и други видови на комуникација со целната публика и локалните власти, 42% се заинтересирани за методи и алатки за привлекување на вниманието како на пошироката публика, така и на локалните власти, над 38% имаат потреба од зајакнување на нивната медиумска писменост, додека пак околу 28% за создавање на медиумски содржини. Ова ни говори доволно за потребата од развој на критичко мислење при читање за вестите од медиумите, но и за потребата од јакнење на капацитетите во делот на правилното комуницирање со јавноста и медиумите. Графички подолу се прикажани потребите за зголемување на нивните знаења и капацитети во областите што беа претходно споменати.

**Графикон бр. 11 – Потреба од дополнителни знаења и обуки на тема медиумска писменост**

Во кои области Ви се потребни дополнителни знаења и информации кога говориме за медиумската писменост?



## 4. Заклучоци и препораки

Резултатите од истражувањето ја покажуваат генералната слика со состојбата на младите во локалната заедница и кои се предизвиците со кои што истите се соочуваат кога станува збор за нивната инклузивност и партиципативност во процесите на донесување на одлуки на локално ниво. Низ истражувањето се генерира и главниот заклучок, а тоа е дека процесите на креирање и донесување на младински политики на локално ниво треба да претрпат одредени промени во насока на поголема транспарентност и отвореност на процесите особено во донесувањето на стратешките документи поврзани со младите, но и вклучување на младите во процесите на имплементација на стратешките определби преку различните форми и облици на партиципација, а особено тука би ја напомenaле и клучната улога на локалните младински совети.

Што се однесува, пак до препораките истите упатуваат на:

- Поголема информираност, но и зголемување на знаењата кај младите во општините Куманово и Старо Нагоричане за алатките и можностите за вклучување во процесот на донесување на одлуки на локално ниво;
- Да се обезбеди целосна вклученост на младите на седниците на Советите во општините Куманово и Старо Нагоричане кога се одлучува за прашања што се од нивна важност и значење, но и учество во различните комисии кои што се формираат во рамките на секоја од општините, а кои што комисии работат прашања поврзани со потребите на младите од локалната заедница – како комисија за култура, за социјални прашања, комисија за образование итн.;
- Да се обезбеди целосна функционалност и препознатливост на Локалниот совет на млади во општина Куманово, како и на нивните членови;
- Општина Куманово да ги обезбеди сите логистички, технички, човечки капацитети за да овозможи непречено одвивање на работата на Локалниот Младински Совет, а кога е тоа возможно и финансиски да ги поддржи нивните активности;
- Во општина Старо Нагоричане да се формира Локален совет на млади и да се изработи стратегија за вклучување на младите во заедницата и општината;
- Редовно учество на младите во процесите на креирање на буџетите на општините Куманово и Старо Нагоричане преку поднесување на сопствени иницијативи и барања, учество на буџетски форуми итн.;

- Да се организираат поголем број на формални, па и неформални средби со претставници на општините Куманово и Старо Нагоричане, младите и локалните медиуми и новинари, а се со цел надминување на постоечките бариери и јазови во комуникацијата помеѓу медиумите и младите;

- Да се зголеми медиумската писменост и информираност кај младите, особено кога станува збор за млади од рурални средини и општини

- Воспоставување на ефективен канал за соработка (комуникација) помеѓу Советот на млади и локалната самоуправа во Куманово, младите, граѓанскиот сектор и локалните институции со цел претставување и застапување на интересите на младите

- Организирање на активности за обезбедување на препознатливост, видливост и пристапност на Локалниот совет на млади во Куманово во соработка со надлежните локални институции (АВРМ, ЦСР, МВР и слично)

- Младите и од двете општини да се здружуваат и заеднички да делуваат преку иницијативи, неформални групи, здружување во вид на младински граѓански организации и слично;

- Да се практикува размена на искуства со национални развиени младински организации, како и спроведување на заеднички кампањи, акции, иницијативи, процеси на учење и размена на знаења, младински граѓански активизам итн.

Овој проект е финансиран од Европската Унија

| Прашање | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **А) ПРОЦЕНКА НА СОСТОЈБА** | | | | | |
| *(скала од 1 до 5, каде што 1 е најмалку, а 5 најмногу)* | | | | | |
| 1) Го познавам процесот на донесување на одлуки на локално ниво | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2) Општината ги вклучува младите во процесот на донесување на одлуки од интерес за младите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 3) Имаме препознатливи младински активисти и волонтери | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 4)Дали во општината има формирано локален младински совет? | ДА | | | | НЕ |
| 5) Доколку ДА, оценете ја неговата функционалност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6) Оценете ја достапноста на претседателот и членовите на Локалниот Младински Совет | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 7) Оценете ја достапноста и отвореноста на претставниците на општината | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 8)  Ги познавам алатките и методите за вклучување на граѓаните во процесот на донесување на одлуки на локално ниво (граѓанска инцијатива, референдум, форуми итн.) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 9)Сум учествувал/а на седница на Совет на општината | ДА | | | | НЕ |
| 10) Дали имате функционални месни заедници? | | | 1) ДА | | 2) НЕ |
| 11) Доколку ДА, дали учествувате во нивната работа и на нивните состаноци? | | | 1) ДА | | 2) НЕ |
| 12) Дали во општината има активни младински граѓански организации? | | | 1) ДА | | 2) НЕ |
| 13) Доколку ДА, дали имате  информација за граѓански иницијативи превземени од интерес за младите. Наведете ги.<br><br>------------------------------------------------------------------ | | | | | |
| 14) Дали сте биле дел од некоја граѓанска иницијатива или акција? | | | 1) ДА | | 2) НЕ |
| 15) Дали Вашата општина има стратегија за млади? | | | 1) ДА | | 2) НЕ |
| 16) Доколку ДА, дали сте запознаени со нејзината содржина? | | | 1) ДА | | 2) НЕ |
| 17) Дали ја следите имплементацијата на истата? | | | 1) ДА | | 2) НЕ |
| 18) Дали имате соработка со локалните медиуми и новинари? | | | 1) ДА | | 2) НЕ |
| 19) Доколку Вашиот одговор е НЕ, кои се причините за тоа? | | | | | |
| 20) Дали медиумите ги користите во запознавањето на пошироката јавност, па и општината со Вашите потреби? | | | 1) ДА | | 2) НЕ |
| 21) Дали сте учествувале во заедничка акција или иницијатива со медиумите? | | | 1) ДА | | 2) НЕ |

Овој проект е финансиран од Европската Унија

| | |
|---|---|
| 22) Доколку ДА, за што беше акцијата и колкав беше нејзиниот успех? | |
| 23) Сметате ли дека медиумскиот притисок има влијание врз процесот на донесување на одлуки? | 1) ДА 2) НЕ |
| 24) Во кои области Ви се потребни дополнителни знаења и информации кога говориме за медиумската писменост?<br>а) организирање на прес конференции и други видови на комуникација со медиумите и јавноста, како и алатки за допирање до целната публика;<br>б) методи и алатки за привлекување на вниманието како на пошироката јавност, но и на донесувачите на одлуки;<br>в) развој на критичко размислување, оцена и препознавање на лажни вести;<br>г) создавање на медиумски содржини и споделување на истите преку други медиуми;<br>д) подигнување на медиумската писменост и информираност<br>ѓ) друго | |

Овој проект е финансиран од Европската Унија